**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 34 од Привремениот деловник на Државната изборна комисија, број. 01-1089/1 од 04.07.2006 година, членот 31 став (2) точката 27 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14 и 196/15) и член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија", бр. 27/14 и 199/14), Државната Изборна комисија на седницата одржана на 26.01.2016 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во Стручната служба на Државната изборна комисија

### Член 1

Во Правилникот за систематизација на работните места во стручната служба на Државната изборна комисија, бр. 01-1534/1 од 15.102015 година, членот 5 се менува и гласи:

„ Во Правилникот за систематизација на работните места во стручната служба на Државната изборна комисија се утврдени и опишани вкупно 155 (со зборови: сто педесет и пет) работни места на административните службеници (државни) и помошно – технички лица, распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на Стручната служба на Државната изборна комисија, од кои пополнети се 96 работни места, а распоредни се на следниов начин :

| НИВО | Ситематизирани работни места | Пополнети работни места |
|---|---|---|
| А2 | 1 | 1 |
| Б1 | 8 | 1 |
| Б2 | 4 | 3 |
| Б3 | 2 | 0 |
| Б4 | 29 | 18 |
| В1 | 23 | 7 |
| В2 | 25 | 16 |
| В3 | 4 | 3 |
| В4 | 15 | 11 |
| Г1 | 18 | 15 |
| Г2 | 2 | 1 |
| Г3 | 14 | 12 |
| Г4 | 9 | 8 |
| А2 | 1 | 0 |
| **Вкупно** | **155** | **96** |

### Член 2

Во членот 14 зборовите „Заменик генерален секретар" во сите родови и видови се брише.

Во работното место под реден број 1 „Генерален секретар“ во колоната „Вид на образование“ зборовите „правни науки“ се заменуваат со зборовите „Организациони науки и управување (Менаџмент), јавна управа и администрација “.

Во работното место под реден број 3 во називот на работнот место и во описот зборот „правни “ се заменува со зборовот „нормативни“.

По работното место под реден број 4 се додава ново работно место со следниот опис:

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 4-а |
| Шифра | УПР0101Б01000 |
| Ниво | Б1 |
| Звање на работно место | Државен советник |
| Назив на работно место | Државен советник за разгледување на приговори, изготвување на жалби, тужби и други поднесоци и изготвување на правилници, упатства, одлуки, решенија и други акти |
| Број на извршители | 5 |
| Вид на образование | Правни науки |
| Други посебни услови | Положен правосуден испит |
| Работни цели | Ефикасно, ефективно и квалитетно да раководи, да дава совети, насоки или да помага при раководењето со Стручната служба на ДИК, поддршка на работата на генералниот секретар преку вршење на најсложени задачи кои се однесуваат на правни прашања. |
| Работни задачи | - самостојно извршува најсложени задачи што бараат посебна самостојност и стручност и иницира и предлага ставови по начелни прашања од надлежност на ДИК;<br>- го советува Генералниот секретар и дава предлози и мислења на Претседателот и ДИК за решавање на најсложените работи во делот за едукација на изборните органи и гласачите, за остварувањето на програмата за задолжителна едукација на изборните органи и гласачите, за меѓународната соработка, за остварувањето на програмата за меѓународна соработка;<br>- разгледување на примени приговори и изготвување на предлог одлуки по истите, изготвување на жалби, тужби и други поднесоци, изготвување на правилници, упатства, одлуки, решенија и други акти, подготовка на акти, решенија, информации, анализи и други материјали за примена на одредбите од изборното законодавство, подготовка на анализи за одредени области од изборното законодавство;<br>- предлагање решенија и акти, кои произлегуваат од надлежностите и се поврзани со работата на Државната изборна комисија<br>- давање стручна помош и вршење на стручно - административни работи за и на барање на Претседателот, потпретседателот и членовите на Државната изборна комисија и Генералниот секретар;<br>- по овластување од ДИК врши увид во евиденцијата на МВР за издавање на биометриски исправи, како и во базите на податоци и евиденции на граѓани на други државни органи и институции, во постапка утврдена со законски, односно подзаконски акт и изготвува писмени известувања за извршените проверки<br>- изготвување на правилници, упатства, одлуки, решенија, други акти и останати други материјали, во и вон изборен процес, донесени од Државната изборна комисија;<br>- изготвување на акти, решенија, информации, анализи и други материјали за примената на законите од изборното право и<br>- подготовка и анализа на примени приговори, жалби, тужби и претставки и подготовка на предлог одговориизготвува стручни мислења по одредбите од Изборниот законик и подзаконските акти кои од него произлегуваат а се однесуваат на правни прашањана изборните органи и граѓаните;<br>- учествува во работата на работните тела на Собранието на Република Македонија и на работните тела на Владата на Република Македонија, кога за тоа е овластен од претседателот на ДИК. |
| Одговара пред | Генералниот секретар |

**Член 3**

Во член 14, глава IV, во точка 1, во работното место под реден број 5, во работните цели точката по зборот „соработка“ се заменуива со запирка и се додаваат зборовите: „одлучувањето по поднесени приговори и жалби, покренувањето на дисциплински постапки, како и поднесувањето барања за поведување прекршочна постапка или кривични пријави пред надлежните органи.“ Во истата точка, во работните задачи, по алинејата 7 се додава нова алинеја 8, која гласи:

„- учествува во организацијата и процесот на постапувањето по предметите во врска со приговори, жалби, претставки и електронскиот систем за управување со предмети и приговори.“

Работните места под реден број „9 - Асистент на претседателот и потпретседателот на ДИК", „10 - Советник за разгледување на приговори, изготвување на жалби, тужби и други поднесоци и изготвување на правилници, упатства, одлуки, решенија и други акти и за комуникација со изборните органи" и „13 - Асистент на член на ДИК" СЕ БРИШАТ.

Редниот број 11 се пренумерира во број 9, редниот број 12 во 10.

По работното место со пренумериран реден број 10 се додава ново работно место со следниот опис

| | |
|---|---|
| Реден број | 10-а |
| Шифра | УПР 0101В04000 |
| Ниво | В4 |
| Звање на работно место | Помлад соработник |
| Назив на работно место | Помлад соработник за електронски систем за управување со предмети и приговори |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | „Организациони науки и управување (Менаџмент), јавна управа и администрација или правни науки |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Спроведување на наједноставни рутинско-стручни и административни работи и функции од делокругот на одделението и извршување на наједноставни рутинско-стручни и административни работи и задачи поврзани со електронскиот систем за управување со предмети и приговори, евиденција на примени приговори, претставки, жалби и други поднесоци, евиденција и следење на изготвени одговори, евиденција и следење на изготвени подзаконски акти, под надзор и непосредна контрола на раководителот на одделението. |
| Работни задачи | Извршува наједноставни работи кои ќе му ги довери раководителот на одделението а се однесуваат на:<br>– учествува во процесот на прием на поднесените предмети и приговори и нивен внес во електронскиот систем за управување;<br>– прибирање на информации и податоци заради подготовка на материјали и анализи во врска со ефикасноста на електронскиот систем за управување со предмети и приговори;<br>– учествува во статистичка обработка на поднесените предмети и пртиговори;<br>– учествува во евиденцијата и следење на изготвените одговори по примените предмети и приговори и врши следење на истите и<br>– учествува во оценувањето на административните службеници во ДИК и другите институции. |
| Одговара пред | Раководителот на одделението |

Редниот број 14 се пренумерира во број 11.

По работното место со пренумериран реден број 11 се додава ново работно место со следниот опис

| | |
|---|---|
| Реден број | 11-а |
| Шифра | УПР 0101Г01000 |
| Ниво | Г1 |
| Звање на работно место | Самостоен референт |
| Назив на работно место | Самостоен референт Архивар – обработувач на документарен материјал |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Више образование - Правна или Економска насока или Средно образование - Гимназија |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Поддршка во спроведувањето на работите од делокругот на одделението |
| Работни задачи | - самостојно ги извршува помошно – стручните, административно – техничките и оперативните работи во согласност со општите упатства на раководителот на одделението;<br>- одбирање на архивски од документарен материјал;<br>- средување на архивскиот и документарниот материјал;<br>- врши електронска обработка на архивскиот материјал и негово евидентирање (опис и попис) и негова категоризација;<br>- попишување на документарниот материјал на кого му е изминат рокот за негово чување и уништување;<br>- сместување, чување, заштита и обезбедување и користење на архивскиот и документарниот материјал во оригинална форма;<br>- учествува во изготвувањето на планот за архивски знаци со листи;<br>- учествува во оценувањето на административните службеници во ДИК и другите институции и<br>- предава на трајно чување на архивскиот материјал во Државниот архив на Република Македонија. |
| Одговара пред | Раководителот на одделението |

Редниот број 15 се пренумерира во реден број 12, во рубриката „Назив на работното место“ по зборот „Архивар“ се додаваат зборовите „ – писар“ а во рубриката „Работни задачи“, во алинејата осум зборовите „извршува умножување на“ се заменуваат со зборовите „ги копира“.

Редните броеви 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33, 34, 35, 36, 37, 38, 39, 40, 41, 42, 43, 44, 45, 46, 47,48, 49, 50, 51, 52, 53, 54, 55, 56, 57, 58, 59, 60, 61, 62, 63, 64, 65, 66, 67, 68, 69, 70, 71, 72, 73, 74, 75, 76, 77, 78, 79, 80, 81, 82, 83, 84, 85, 86, 87, 88, 89, 90, 91, 92, 93, 94, 95, 96, 97, 98, 99, 100, 101, 102, 103, 104, 105, 106, 107, 108, 109, 110, 111, 112, 113, 114, 115, 116, 117, 118, 119, 120, 121, 122, 123, 124, 125, 126, 127 и 128 се пренумерираат во 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33, 34, 35, 36, 37, 38, 39, 40, 41, 42, 43, 44, 45, 46, 47. 48, 49, 50, 51, 52, 53, 54, 55, 56, 57, 58, 59, 60, 61, 62, 63, 64, 65, 66, 67, 68, 69, 70, 71, 72, 73, 74, 75, 76, 77, 78, 79, 80, 81, 82, 83, 84, 85, 86, 87, 88, 89, 90, 91, 92, 93, 94, 95, 96, 97, 98, 99, 100, 101, 102, 103, 104, 105, 106, 107, 108, 109, 110, 111, 112, 113, 114, 115, 116, 117, 118, 119, 120, 121, 122, 123, 124 и 125.

По работното место со пренумериран реден број 48 се додава ново работно место со следниот опис

| | |
|---|---|
| Реден број | 48-а |
| Шифра | УПР 0101Б03000 |
| Ниво | Б3 |
| Звање на работно место | Помошник раководител на сектор |
| Назив на работно место | Помошник раководител на сектор за составување и ажурирање на избирачкиот список, евиденција на избирачко право и описите на избирачките места |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Правни науки или компјутерска техника и информатика |
| Други посебни услови | |
| Работни цел | Помагање во работењето на раководителот на секторот и во спроведувањето на задачите кои бараат поголема стручност,. |
| Работни задачи | - му помага на раководителот на Секторот за прашања кои се однесуваат на давање потребна стручна помош на раководителите на одделенија при вршење на најсложени работи и задачи и го следи текот на нивното извршување;<br>- иницира решавање на одделни проблеми и одговара за навремено, законито и квалитетно извршување на работите и задачите;<br>- врши работи и задачи кои бараат посебна стручност и самостојност во работата;<br>- предлага ставови по начелни прашања;<br>- врши анализа, оценување и проценување на прашањата и проблемите кои се појавуваат;<br>- изготвува информации, извештаи за прашања од надлежност на ДИК;<br>- учествува во организирањето и обезбедувањето на законито и ефикасно извршување на работите и задачите во ДИК;<br>- му помага на раководителот на Секторот во вршењето на непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите;<br>- го заменува раководителот на секторот во случај на негова спреченот и отсуство . |
| Одговара пред | Раководителот на секторот |

Во работното место под реден број 50 (стар реден број 53) во рубриката „Број на извршители“ бројот „1“ се заменува со бројот „5“.

Во работното место под реден број 51 (стар реден број 54) во рубриката „Број на извршители“ бројот „1“ се заменува со бројот „2“ а во рубриката вид на образование, сврзникот или се заменува со запирка а по зборовите „автоматика“ се додаваат зборовите „или правни науки“.

Во работното место под реден број 52 (стар реден број 55) во рубриката „Број на извршители“ бројот „1“ се заменува со бројот „3“ а во рубриката „Вид на образование“ зборовите „или политички науки“ се бришат и се додаваат зборовите „Социјална работа и социјална политика или или Социологија“.

Во работното место под реден број 66 (стар реден број 69) во рубриката „Број на извршители“ бројот „2“ се заменува со бројот „3“ а во рубриката „Вид на образование“ се додаваат зборовите „или јавна управа и администрација“.

Во работното место под реден број 77 (стар реден број 80) во рубриката „Број на извршители“ бројот „1“ се заменува со бројот „2“.

Во работното место под реден број 81(стар реден број 84) во рубриката „Број на извршители“ бројот „2“ се заменува со бројот „3“.

Во работното место под реден број 116 (стар реден број 119) во рубриката „Број на извршители“ бројот „1“ се заменува со бројот „2“ а во рубриката „Вид на образование“ се додаваат зборовите „или јавна управа и администрација“.

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Број 01 – 219 / 1**
**26. 01. 2016 год.**

**С К О П Ј Е**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л**

**Александар Чичаковски**

## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО СТРУЧНАТА СЛУЖБА НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

| *** | Шифра на работно место | | | | | Назив на работно место | Број на извршители |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | И | Г | ПГ | К/Н | Б | | |
| 1. | УПР | 01 | 01 | А02 | 000 | Генерален секретар на Државната изборна комисија | 1 |
| 2. | УПР | 01 | 01 | Б01 | 000 | Државен советник за организационо - техничко и методолошка обработка на избирачкиот список и описите на избирачките места | 1 |
| 3. | УПР | 01 | 01 | Б01 | 000 | Државен советник за нормативни работи и изборен систем | 1 |
| 4. | УПР | 01 | 01 | Б01 | 000 | Државен советник за едукација, правна и меѓународна соработка | 1 |
| 4-а | УПР | 01 | 01 | Б01 | 000 | Државен советник за разгледување на приговори, изготвување на жалби, тужби и други поднесоци и изготвување на правилници, упатства, одлуки, решенија и други акти | 5 |
| | | | | | | **1. СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И НОРМАТИВНИ РАБОТИ, ЕДУКАЦИЈА, СТРУЧНО - АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА** | |
| 5. | УПР | 01 | 01 | Б02 | 000 | Раководител на сектор за правни и нормативни работи, едукација, стручно- административни работи и односи со јавноста, | 1 |
| 6. | УПР | 01 | 01 | Б03 | 000 | Помошник раководител на сектор за правни и нормативни работи, едукација, стручно- административни работи и односи со јавноста, | 1 |
| | | | | | | **1.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПОДРШКА НА РАБОТАТА НА ДИК , ЗА ПРАВНИ , НОРМАТИВНИ , СТРУЧНО - АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА** | |
| 7. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделение за поддршка на работата на ДИК, за правни, нормативни, стручно - административни работи и односи со јавноста | 1 |
| 8. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за односи со јавноста и подготовка и организирање на прес конференции, брифинзи, изјави, интервјуа и соопштенија | 1 |
| 9. | УПР | 01 | 01 | В03 | 000 | Соработник за седници и за евиденција на донесени подзаконски акти и упатства од ДИК | 1 |
| 10. | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за следење на медиуми и документација и подготовка на материјали за пополнување на официјалната ВЕБ страница на ДИК | 1 |
| 10-а | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за електронски систем за управување со предмети и приговори | 1 |
| 11. | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Преведувач од македонски на албански и обратно | 1 |
| 11-а | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт Архивар – обработувач на документарен материјал | 1 |
| 12. | УПР | 01 | 01 | Г02 | 000 | Архивар - писар | 1 |
| 13. | УПР | 01 | 01 | Г02 | 000 | Економ | 1 |
| 14. | УПР | 01 | 01 | Г04 | 000 | Упатување на граѓани/странки и доставувач - курир | 1 |
| 15. | УПР | 04 | 03 | А02 | 001 | Возач | 1 |
| | | | | | | **1.2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЕДУКАЦИЈА И КООРДИНАЦИЈА НА РАБОТАТА НА ИЗБОРНИТЕ ОРГАНИ, ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ И ГРАЃАНИТЕ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА** | |
| 16. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделението за едукација и координација на работата на изборните органи, политичките партии и граѓаните и меѓународна соработка | 1 |
| 17. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за изготвување на програма за едукација на изборните органи, планирање и спроведување на меѓународна соработка, истражување и подготовка на проектни документи и протокол | 1 |
| 18. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник – координатор со изборните органи и други органи, политички партии и здруженија на граѓани | 1 |
| 19. | УПР | 01 | 01 | Г03 | 000 | Референт за водење на евиденција на избраните членови на општинските изборни комисии | 1 |

| *** | Шифра на работно место | | | | | Назив на работно место | Број на извршители |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | И | Г | ПГ | К/Н | Б | | |
| 20. | УПР | 01 | 01 | Г04 | 000 | Помлад референт за евиденција на одржани задолжителни и други обуки на изборните органи и граѓаните | 1 |
| | | | | | | **2. СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА** | |
| 21. | УПР | 01 | 01 | Б02 | 000 | Раководител на сектор за финансиски прашања | 1 |
| | | | | | | **2.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА БУЏЕТСКА КООРДИНАЦИЈА** | |
| 22. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител одделението за буџетска координација | 1 |
| 23. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за буџетска координација | 1 |
| 24. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Буџетски координатор за буџети и буџетски програми | 1 |
| 25. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Буџетски координатор за подготовка и планирање | 1 |
| 26. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за јавни набавки | 1 |
| | | | | | | **2.2.ОДДЕЛЕНИЕ ЗА БУЏЕТСКА КОНТРОЛА** | |
| 27. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделението за куџетска контрола | 1 |
| 28. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Буџетски контролор за менаџмент(администрација) | 1 |
| 29. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Буџетски контролор за организациони единици | 1 |
| 30. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Буџетски контролор за извршување на буџетите (редовен/изборен) | 1 |
| 31. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Буџетски контролор за извршување на буџетите за логистика | 1 |
| | | | | | | **2.3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СМЕТКОВОДСВО И ПЛАЌАЊА** | |
| 32. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител одделение за сметководство и плаќања | 1 |
| 33. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник одговорен сметководител | 1 |
| 34. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Финансиски сметководител и пресметка на плати | 1 |
| 35. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за работа со денарска и девизна благајна | 1 |
| 36. | УПР | 01 | 01 | Г04 | 000 | Ликвидатор за финансиска документација | 1 |
| | | | | | | **3.СЕКТОР ЗА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА** | |
| 37. | УПР | 01 | 01 | Б02 | 000 | Раководител за информатичка технологија | 1 |
| | | | | | | **3.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СИСТЕМСКИ СОФТВЕР И ОДРЖУВАЊЕ** | |
| 38. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделение за системски софтвер и одржување | 1 |
| 39. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за оперативни системи и бази на податоци | 1 |
| 40. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за мрежна опрема, компјутерски мрежи | 1 |
| 41. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш Соработник за електронска архива | 1 |
| 42. | УПР | 01 | 01 | Г04 | 000 | Помлад референт за техника | 1 |
| | | | | | | **3.2 . ОДДЕЛЕНИЕ ЗА АПЛИКАТИВЕН МЕНАЏМЕНТ И ЗАШТИТА** | |
| 43. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделение за апликативен менаџмент и заштита | 1 |
| 44. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за избирачки список | 1 |

| *** | Шифра на работно место | | | | | Назив на работно место | Број на извршители |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | И | Г | ПГ | К/Н | Б | | |
| 45. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за Парламентарни, Локални и Претседателски избори | 1 |
| 46. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за апликации за финансово работење | 1 |
| 47. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за подрачните одделенија | 1 |
| **4.СЕКТОР ЗА СОСТАВУВАЊЕ И АЖУРИРАЊЕ НА ИЗБИРАЧКИОТ СПИСОК, ЕВИДЕНЦИЈА НА ИЗБИРАЧКО ПРАВО И ОПИСИТЕ НА ИЗБИРАЧКИТЕ МЕСТА** | | | | | | | |
| 48. | УПР | 01 | 01 | Б02 | 000 | Раководител на сектор за составување и ажурирање на избирачкиот список, евиденција на избирачко право, описите на избирачките места | 1 |
| 48-а | УПР | 01 | 01 | Б03 | 000 | Помошник раководител на сектор за составување и ажурирање на избирачкиот список, евиденција на избирачко право, описите на избирачките места | 1 |
| **4.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОРГАНИЗАЦИОНО- ТЕХНИЧКА И МЕТОДОЛОШКА ОБРАБОТКА, СОСТАВУВАЊЕ И АЖУРИРАЊЕ НА ИЗБИРАЧКИОТ СПИСОК И ОПИСИТЕ НА ИЗБИРАЧКИТЕ МЕСТА** | | | | | | | |
| 49. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделение за организационо - техничка и методолошка обработка, составување и ажурирање на избирачкиот список и описите на избирачките места | 1 |
| 50. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за избирачки места и изборни единици и за дефинирање територијалната распределба на избирачките места и компјутерска обработка на избирачки список | 5 |
| 51. | УПР | 01 | 01 | В03 | 000 | Соработник аналитичар - проектант за избирачки список и избирачки места | 2 |
| 52. | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за избирачки список и избирачки места и управување со квалитет | 3 |
| 53. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за изготвување на описите на избирачките места и за внесување и бришење на податоци во избирачки список | 1 |
| **4.2.ПОДРАЧНИ ОДДЕЛЕНИЈА** | | | | | | | |
| **4.2.1.ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ ЦЕНТАР** | | | | | | | |
| 54. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на подрачно одделението | 1 |
| 55. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за избори | 1 |
| 56. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за избори | 1 |
| **4.2.2. ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ КИСЕЛА ВОДА** | | | | | | | |
| 57. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на подрачно одделението | 1 |
| 58. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за избори | 1 |
| 59. | УПР | 01 | 01 | Г04 | 000 | Помлад референт за избори | 1 |
| **4.2.3.ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ КАРПОШ** | | | | | | | |
| 60. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на подрачно одделението | 1 |
| 61. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за избори | 1 |
| 62. | УПР | 01 | 01 | Г03 | 000 | Референт за избори | 1 |
| 63. | УПР | 01 | 01 | Г04 | 000 | Помлад референт за избори | 1 |
| **4.2.4. ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ КУМАНОВО** | | | | | | | |
| 64. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на подрачно одделението | 1 |
| 65. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за избори | 2 |

| *** | Шифра на работно место | | | | | Назив на работно место | Број на извршители |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | И | Г | ПГ | К/Н | Б | | |
| 66. | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за избори | 3 |
| 67. | УПР | 01 | 01 | Г03 | 000 | Референт за избори | 1 |
| | | | | | | **4.2.5 .ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ ЧАИР** | |
| 68. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на подрачно одделението | 1 |
| 69. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за избори | 1 |
| | | | | | | **4.2.6. ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ ГАЗИ БАБА** | |
| 70. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на подрачно одделението | 1 |
| 71. | УПР | 01 | 01 | Г04 | 000 | Помлад референт за избори | 1 |
| | | | | | | **4.2.7. ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ ШТИП** | |
| 72. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на подрачно одделението | 1 |
| 73. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за избори | 1 |
| 74. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за избори | 1 |
| 75. | УПР | 01 | 01 | Г03 | 000 | Референт за избори | 1 |
| | | | | | | **4.2.8. .ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ ВЕЛЕС** | |
| 76. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на подрачно одделението | 1 |
| 77. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за избори | 2 |
| 78. | УПР | 01 | 01 | Г03 | 000 | Референт за избори | 2 |
| | | | | | | **4.2.9. ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ КОЧАНИ** | |
| 79. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на подрачно одделението | 1 |
| 80. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за избори | 1 |
| 81. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за избори | 3 |
| 82. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за избори | 1 |
| | | | | | | **4.2.10.ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ СТРУМИЦА** | |
| 83. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на подрачно одделението | 1 |
| 84. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за избори | 1 |
| 85. | УПР | 01 | 01 | В03 | 000 | Соработник за избори | 1 |
| 86. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за избори | 1 |
| 87. | УПР | 01 | 01 | Г03 | 000 | Референт за избори | 1 |
| | | | | | | **4.2.11. ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ ПРИЛЕП** | |
| 88. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на подрачно одделението | 1 |
| 89. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за избори | 1 |
| 90. | УПР | 01 | 01 | Г03 | 000 | Референт за избори | 2 |
| | | | | | | **4.2.12.ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ ГЕВГЕЛИЈА** | |
| 91. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на подрачно одделението | 1 |
| 92. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за избори | 1 |
| 93. | УПР | 01 | 01 | Г03 | 000 | Референт за избори | 1 |

| *** | Шифра на работно место | | | | | Назив на работно место | Број на извршители |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | И | Г | ПГ | К/Н | Б | | |
| | | | | | | **4.2.13.ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ БИТОЛА** | |
| 94. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на подрачно одделението | 1 |
| 95. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за избори | 1 |
| 96. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за избори | 1 |
| 97. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за избори | 2 |
| 98. | УПР | 01 | 01 | Г03 | 000 | Референт за избори | 1 |
| | | | | | | **4.2.14.ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ ОХРИД** | |
| 99. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на подрачно одделението | 1 |
| 100. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за избори | 1 |
| 101. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за избори | 1 |
| | | | | | | **4.2.15. ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ КИЧЕВО** | |
| 102. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на подрачно одделението | 1 |
| 103. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Соработник за избори | 1 |
| 104. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за избори | 1 |
| 105. | УПР | 01 | 01 | Г03 | 000 | Референт за избори | 1 |
| | | | | | | **4.2.16.ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ СТРУГА** | |
| 106. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на подрачно одделението | 1 |
| 107. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Помлад соработник за избори | 1 |
| 108. | УПР | 01 | 01 | Г03 | 000 | Референт за избори | 1 |
| 109. | УПР | 01 | 01 | Г04 | 000 | Помлад референт за избори | 2 |
| | | | | | | **4.2.17.ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ ГОСТИВАР** | |
| 110. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на подрачно одделението | 1 |
| 111. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за избори | 2 |
| 112. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за избори | 1 |
| 113. | УПР | 01 | 01 | Г04 | 000 | Помлад референт за избори | 1 |
| | | | | | | **4.2.18.ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ ТЕТОВО** | |
| 114. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на подрачно одделението | 1 |
| 115. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за избори | 1 |
| 116. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за избори | 2 |
| 117. | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за избори | 4 |
| 118. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за избори | 1 |
| 119. | УПР | 01 | 01 | Г03 | 000 | Референт за избори | 1 |
| | | | | | | **5. САМОСТОЈНИ ОДДЕЛЕНИЈА** | |
| | | | | | | **5.1. САМОСТОЈНО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ И АНАЛИЗА** | |
| 120. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделението за стратешко планирање и анализа | 1 |
| 121. | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за изготвување на материјали за стратешко планирање | 1 |
| | | | | | | **5. 2.. САМОСТОЈНО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | |

| *** | Шифра на работно место | | | | | Назив на работно место | Број на извршители |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | И | Г | ПГ | К/Н | Б | | |
| 122. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделението за управување со човечки ресурси | 1 |
| 123. | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Службенички однос и информативен систем за човечки ресурси | 1 |
| **5.3. САМОСТОЈНО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА** | | | | | | | |
| 124. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Внатрешен ревизор | 1 |
| 125. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за внатрешна ревизија | 1 |